ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
Палата Македонија
Скопје, Р.Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@drz.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 30-161/13**

**Дата: 18.10.2011**

**ДО**
**ОПШТИНА ОХРИД**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

**Резиме**

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на сметката на основен буџет (630) на Општина Охрид за 2010 година.

При ревизијата беа земени во предвид и препораките дадени во конечниот извештај за извршената ревизија на финансиските извештаи за 2007 година, при што е утврдено дека во најголем дел препораки не се спроведени, односно од дадените 4 препораки 3 препораки не се спроведени а една е делумно спроведена.

Ревизијата не изрази мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи за 2010 година додека за прашањата во врска со усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива ревизијата изрази негативно мислење.

Општина Охрид не е влезена во втора фаза на фискална децентрализација, поради не исполнување на пропишаните критериуми согласно Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа.
Сметката на Општината е блокирана со судски извршни решенија за наплата на стари неисплатени обврски наследени од минати години. За период (2002-2011 година) обврските на општината изнесуваат 525.643 илјади денари, од што исплатен е износот од 87.734 илјади денари, останува долг од 437.908 илјади денари. Надлежните органи немаат постапено по дадените препораки за преземање мерки согласно Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа во функција на надминување на финансиската нестабилност во која се наоѓа Општина Охрид.

---

*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*

*1.* ____________________________

*2.* ____________________________ ______________________

И покрај тоа што Општина Охрид има блокирана сметка спротивно на законските одредби во текот на 2010 година дел од трансакциите се извршени со компензации, цесии и асигнации во вкупен износ од 305.166 илјади денари од кои во износ од 275.126 илјади денари или 53% од вкупните приходи на буџетот на Општина Охрид не се реализирани преку платниот промет на трезорскиот систем.
Општината не пресметува и остварува приходи по основ на комунални такси за: користење на површини во кампови за подигање на шатори и друга слична привремена употреба; за истакнување на реклами, објави и огласи на јавни места; за користење на просторот за паркирање возила; закупнина на просторот за поставување на рекламни објекти и не остварува приходи од надоместокот за одржување на јавна чистота.
Во 2010 година има значителна неусогласеност на остварените со планираните буџетски приходи и покрај усвоениот ребаланс во месец ноември согласно законските одредби.
Во Билансот на состојбата не се искажани побарувањата по основ на данок на имот, комунална такса за истакнување на фирма, закуп, користење простор пред деловни простории и закуп на паркинг простор. За надминување на утврдените состојби ревизијата препорачува донесување на сметководствени политики кои ќе се почитуваат во функција на ажурна и точна сметководствена евиденција.

Од страна на градоначалникот на општината доставени се забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор. Забелешките се разгледани и е оценето дека истите не содржат елементи за промена на утврдените состојби во Нацрт извештајот освен забелешката на точка 4.1.2.2. алинеја 4 која се прифаќа и истата се брише.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страните 21 и 22 заедно со ревизија на усогласеност на сметката на основен буџет (630) на Општина Охрид за 2010 година, кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на сметката на основен буџет (630) на Општина Охрид за 2007 година. Изразено е негативно мислење за вистинитоста и објективноста на финансиската состојба на сметката на основен буџет (630) на Општина Охрид под 31 декември 2007 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум и мислење со резерва за законското и наменското користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2007 година во конечниот извештај за сметката на органот.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Александар Петрески, градоначалник на Општина Охрид во 2010 година.

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки коишто се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и

изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.
Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на сметката на основен буџет (630) на Општина Охрид за 2010 година се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност. Поради прашањата опишани во делокруг на ревизијата – ревизорски постапки ние не бевме во можност да добиеме доволен соодветен ревизорски доказ за да обезбедиме основа за изразување ревизорско мислење за финансиските извештаи.

**2. Цели и делокруг на ревизијата**

2.1. Цел на ревизијата на:

- финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување;
- усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија .

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Субјектот не воспоставил интерни контроли во процесот на утврдување и наплата на приходите, не е извршен целосен попис на

побарувањата од аспект на утврдување на правниот основ и старосната структура , дел од приходите во износ од 53% од вкупните приходи ги наплатил со пресметки кои не се поминати низ платниот промет на трезорскиот систем, не пресметува и остварува приходи по основ на комунални такси за: користење на површини во кампови за подигање на шатори и друга слична привремена употреба; за истакнување на реклами, објави и огласи на јавни места; за користење на просторот за паркирање возила; закупнина на просторот за поставување на рекламни објекти, не остварува приходи од надоместокот за одржување на јавна чистота и не обезбедил целосна евиденција на побарувањата по сите основи. Поради прашањата изнесени погоре, ние не бевме во можност да добиеме достатен соодветен ревизорски доказ за да обезбедиме основа за изразување ревизорско мислење.
Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 27.04.2011 до 20.05.2011, кај Општина Охрид од тим на Државниот завод за ревизија .

**3. Осврт на ревизијата од претходните години - спроведување на препораките**

Ревизијата од точката 1.1. опфати и ревизија на спроведување на препораките дадени во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2007 година. Во Прилог 3 (прилог кон овој извештај), дадени се резултатите од извршената ревизија на спроведување на препораките презентирани во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2007 година.

**4. Наоди и препораки**

Неправилностите кои се предмет на овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со градоначалникот и раководните лица на субјектот на 27.07. 2011 година. На ден 13.09.2011 година, добиени се забелешки под број 08-2859/1 од 07.09.2011 година по Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор, заведени во Државниот завод за ревизија под број 16-59/4 од 02.09.2011 година од Градоначалникот на Општина Охрид. Со писмо број 08-2969/1 од 19.09.2011 година доставено е дополнување на забелешките кое се однесува на точка 4.3.1. од Нацрт извештајот.
Забелешките се разгледани и е оценето дека истите не содржат елементи за промена на утврдените состојби во Нацрт извештајот освен забелешката на точка 4.1.2.2. алинеја 4 која се прифаќа и истата се брише. Дел од доставените забелешки претставуваат коментари по изнесените констатации во Нацрт извештајот или дадени појаснувања и образложенија за причините поради кои се настанати одредени состојби како и преземените мерки и активности за спроведување на препораките дадени од ревизијата.

Текстот на забелешките и одговорот на ревизијата се дадени во прилог кон овој Конечен извештај.
Со ревизијата на финансиските извештаи за 2010 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**4.1. Интерни контроли**

4.1.1. При оценка на системот на интерни контроли во процесот на утврдување и наплата на приходите по основ на даноци, такси и надоместоци од аспект на значајноста на приходите за чие администрирање е надлежна општината, утврдивме дека постои ризик од нецелосно и неточно утврдување на приходите, нецелосна и ненавремена евиденција на побарувањата.
Причината за овие ризици произлегува од: отсуство на пишани процедури со јасно дефинирани и разграничени контролни постапки, надлежности и одговорности на вработените во даночното одделение и во другите служби на општинската администрација чие работење е функционално поврзано со утврдувањето, евиденцијата и наплата на приходите и контролата на евиденцијата на побарувањата, немање на раководители на одделни сектори и недоволната координација помеѓу надлежните служби и одделенија.
Невоспоставувањето интерни контроли во процесот на утврдување и наплата на приходите за чие администрирање е надлежна општината не е во согласност со членот 5, 6 и 16 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола и придонесува за постоење на ризик од помалку и ненавремено наплатени приходи на општината.
**Препорака:**
Градоначалникот да донесе пишани процедури во кои јасно ќе бидат утврдени надлежностите и одговорностите на вработените во процесот на утврдување и наплата на приходите за кои е надлежна Општината и во другите служби чие работење е функционално поврзано со утврдувањето, евиденцијата и наплата на приходите.

**4.1.2 Системски слабости и неправилности во ИТ системот на општината**

4.1.2.1. Во текот на анализата на информациониот систем на општината ревизијата ги утврди следните слабости:

- нема пишани политики и процедури за користење на ИТ, нема ИТ стратегија за развој на општината;
- не постои централизиран систем за пристап на корисниците;
- пристапот до податоците не е ограничен само за корисникот кој е овластен за тоа и има споделени доверливи податоци до сите корисници на мрежата;



*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*
*1.* ____________________________
*2.* ____________________________ ______________________

- нема надворешна копија на податоците од евиденцијата за наплата на даноци и комунални такси;
- нема единствена мрежна инфраструктура на сите сектори во општината;
- ниско ниво на пристап при најавување на системот (нема корисничко име и лозинка) и кориснички привилегии поголеми од потребните, и
- некои од компјутерите се со оперативен систем кој не поддржува централизирано работење.

Сето ова не е во согласност со меѓународните стандарди и најдобри пракси за ИТ безбедност што доведува до ризик од несоодветен развој на ИТ системот, несоодветен пристап до податоците и губење на податоци во случај на хаварија.

**Препораки:**

- да се подготви и донесе ИТ стратегија за развој на ИТ системот, стандардни политики и процедури за користење на ИТ системот како и нивото на пристап до податоците кои произлегуваат од ИТ системот, и
- Општината да преземе мерки за зголемување на безбедноста на пристапот до податоците, нивното чување и достапност.

4.1.2.2. Со анализата на апликациите за финансиско и материјално работење ревизијата ги утврди следните слабости:

- ниско ниво на заштита за најавување во апликациите;
- податоците од минати години не се заклучени и може да се променат;
- во апликацијата за финансиско работење нема автоматска контрола за внесување на ист број на фактура од ист добавувач во системот;
- апликациите кои се изработени користат база на податоци од постара верзија која нема доволно големо ниво на заштита за неовластен пристап, и
- нема поврзувања со постојните апликации со кои се регистрираат приходите од даноци и комунални такси.

Ваквиот начин на работење доведува до ризик од промена на податоците од минати години, искажување на неверодостојни податоци во електронска форма и губење на прокнижени податоци во електронска форма, што не е во согласност со член 10 став 1 и 4 од Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници.

**Препораки:**

- субјектот да преземе мерки за заштита од промена на податоците од кои произлегуваат финансиските извештаи од минати години, и
- Општината да изнајде можност за воспоставување на автоматски контроли во сметководствените апликации како и надградба и поврзување на постојните застарени решенија и автоматизирање и поврзување со апликациите за даноци и комунални такси.

**4.2. Усогласеност со закони и прописи**

4.2.1. Општина Охрид со Буџетот за 2010 година има планирано приходи/расходи во износ од 592.267 илјади денари, меѓутоа во текот на 2010 година реализирани се приходи во износ од 525.629 илјади денари и расходи во износ од 525.005 илјади денари. Извршен е ребаланс на буџетот во ноември 2010 година, но има значително отстапување на планираните буџетски приходи и расходи со остварените, приходите се остварени со процент од 88,75%, а расходите со 88,64%.
Согласно член 36 точка 3 од Законот за буџетите и член 29 од Законот за финансирање на единиците за локална самоуправа доколку во текот на фискалната година приходите и расходите не се остваруваат како што е предвидено со буџетот, градоначалникот му предлага на Советот измени и дополнувања на буџетот (ребаланс) во годината. Неусогласеноста на остварените со планираните буџетски приходи се должи на нереалното планирање, не почитување на реалните можности на Општината и историските податоци со што се нарушува принципот на менаџерско управување.
**Препорака:**
При изготвување на буџетот да се почитуваат реалните можности на општината и историските податоци.

4.2.2. Пописот на средствата и изворите на средствата на општина Охрид со состојба на 31.12.2010 година не е целосно извршен во делот на пописот на побарувањата од аспект на утврдување на правната основа за постоење и старосната структура на истите, што не е во согласност со член 31-в од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, со кој е регулирано дека пописот на побарувањата се врши според состојбата од сметководството, преку проверка и потврдување на реалноста на искажаните состојби. Неизвршување на пописот во согласност со законската регулатива создава ризик од непотврдување на побарувањата и можност за нереално искажување на билансните позиции и финансиските извештаи.
**Препорака:**
Градоначалникот при донесување на решението за вршење попис, да ја задолжи Комисијата, да врши попис на побарувањата во функција на утврдување на нивната правна основа и старосна структура со цел навремено преземање мерки од страна на службите за нивна наплата.

4.2.3. При ревизијата на приходите ревизијата ги утврди следните состојби кај утврдувањето и наплатата на данокот на имот, данокот на промет на недвижности, наследство и подарок:

- не е извршено целосно ажурирање на регистарот на недвижен имот од аспект на утврдување на пазарната вредност на имотот кај физичките лица согласно Методологијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот (се користи основица утврдена од УЈП), за правните лица базата во најголем дел е ажурирана. Согласно член 5 од Законот за даноците на имот основа за данокот на имот претставува пазарната вредност на недвижниот имот утврдена според Методологијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот. Неажурираниот регистар на физички лица има за ефект помалку утврдени и наплатени приходи по основ на данок на имот;
- нема донесено Одлука од Советот со критериуми за утврдување на висината на пазарните цени на земјоделското и градежното земјиште во согласност со Методологијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот;
- не е извршено усогласување на состојбите на регистарот на недвижности на Општина Охрид со состојбите од регистарот кој го води Агенцијата за премер и катастар на недвижности согласно член 39 точка 2 од Законот за даноците на имот што се одразува на комплетноста на податоците.

**Препорака:**

Советот на Општина Охрид:

- да донесе акт за утврдување висината на пазарната вредност на земјоделското и градежното земјиште во согласност со Методологијата, со точно утврдени критериуми во однос примена на одредените цени.

Даночното одделение:

- да врши усогласување на состојбата на регистарот на недвижности во општината со состојбите во регистарот кој го води Агенцијата за катастар на недвижности на Република Македонија;
- да изврши репроценка на вредноста на целокупниот недвижен имот во општина Охрид во согласност со Методологијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот.

4.2.4. Кај приходите по основ на комунална такса за фирма ревизијата утврди дека постои ризик од некомплетност и нецелосност на приходите бидејќи не е извршено усогласување на регистарот на обврзници за комунална такса за фирма за 2010 година со податоците од Централниот регистар и Управата за јавни приходи на Република Македонија. Базата на податоци по писмено барање од Централниот регистар е добиена на почетокот на 2011 година.

**Препорака:**

Одделението за комунални такси редовно да врши усогласување на регистарот на обврзници за комунална такса за фирма со податоците од Централниот регистар и Управата за јавни приходи на Република Македонија.

**4.3. Финансиски извештаи**

4.3.1. Во текот на 2010 година дел од наплатата на приходите/расходите е извршена преку пресметки (компензации, цесии и асигнации) кои не се реализирани преку платниот промет на трезорскиот систем во износ од 275.126 илјади денари или 53% од вкупните приходи и износ од 30.040 илјади денари или 5,5% од вкупните приходи се наплатени со пресметки реализирани преку платниот промет. Ваквиот начин на наплата/исплата на приходите/расходите не е во согласност со член 18 од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и член 25 став 2 од Законот за платен промет (буџетските корисници и единките корисници и другите субјекти кои имаат трансакциони сметки во трезорската главна книга не можат да вршат плаќања со пресметка ако имаат блокирани сметки. Не почитување на законските прописи придонело за вршење на платен промет надвор од трезорскиот систем како и за нереални приходи и расходи и го нарушува принципот на сметководственото начело на парично искажување.
Овој наод се однесува и на сметката на основен буџет (637).

**Препорака**

Да се почитува буџетскиот принцип на искажување на приходите/расходите, согласно Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и да не се применуваат формите на плаќање со пресметка бидејќи Општината има блокирана сметка.

4.3.2. При ревизијата на приходите по основ на комунална такса за користење на просторот пред деловни простории за вршење на дејност ревизијата утврди дека:

- одобренијата се издадени покасно од почетокот на користењето (во месец јуни/јули), што наведува на констатацијата дека од страна на корисниците вршено е користење на простор пред деловните простории за вршење на дејност без одобрение што не е во согласност со член 7 и член 20 од Законот за комуналните такси;
- од страна на Инспекторатот на Општина Охрид во текот на 2010 година со записници е утврдено дека девет лица немаат поднесено барање за добивање одобрение за поставување на урбана опрема и немаат склучено договор за регулирање на комуналната такса во вкупен износ од 3.251 илјада денари, што има влијание на остварените приходи по овој основ во 2010 година.

Причини за дел од горенаведените состојби се доцнењето во донесувањето на Годишната програмата за поставување на урбана опрема во Општина Охрид, непреземени активности за известување на заинтересираните субјекти навремено да доставаат барање за издавање одобрение за користење јавна површина за вршење дејност, недоволниот број на ангажирани лица во процесот на

утврдување и пресметка на комуналната такса и непочитување на законските прописи од страна на корисниците на просторот. Како ефект на ваквите состојби е постоење ризик од ненавремена и нецелосна наплата на приходите по овој основ и влијае на помалку остварени приходи во корист на Буџетот на Општина Охрид.

**Препорака:**

Градоначалникот на Општина Охрид преку надлежните од Секторот за урбанизам и заштита на животната средина да преземе активности:

- навремено повикување на заинтересираните субјекти за доставување барање со потребната документација за издавање одобрение за користење јавна површина за вршење дејност, на почетокот на тековната година, и
- пресметките за комунална такса за користење на просторот пред деловни простории за вршење на дејност да се изготвуваат навремено во моментот на користење на правото од страна на обврзниците.

4.3.3. Општина Охрид нема изготвено и донесено акт со кој ќе го одреди земјиштето за кампирање (организирани кампови и привремено кампирање), организаторот на кампирањето, времето за кое земјиштето може да се користи, минималните технички услови кои треба да бидат исполнети, условите за категоризација согласно член 42 и 44 од Законот за угостителската дејност.

Организирани кампови во кој граѓаните закупуваат и користат земјиште за поставување камп приколки, шатори и друга соодветна опрема за сместување на отворен простор дефинирани со урбанистички планови се: АК „Љубаништа“, АК „Градиште“, АК „Елешец“, АК „Андон Дуков“, АК Воен камп „Васко Карангелески” и други послабо уредени: АК „Сојуз на извидници на Македонија“, КРЦ „Партизан“ и АК „Младост“. Организаторите на кампирање остваруваат приходи по горенаведените основи, но не пресметуваат и наплатуваат од граѓаните комунална такса за користење на површини во кампови за подигање на шатори и друга слична привремена употреба, што не е во согласност со тарифен број 2 од член 20 од Законот за комуналните такси.

Ваквите состојби влијаат на помалку остварени приходи во корист на Буџетот на Општина Охрид.

**Препорака:**

Одделението за комунални такси, Одделението за комунални дејности и Инспекторатот на Општина Охрид да ги преземат следниве активности:

- организаторите на кампирање да пресметуваат, наплатуваат и вршат уплата на таксата за користење на површини во кампови за подигање на шатори и друга слична привремена употреба во корист на буџетот на Општина Охрид, и
- Инспекторатот на Општина Охрид да врши редовни контроли на наплата на комуналната такса и уплата во корист на соодветната уплатна сметка.

4.3.4. Обврската за комуналната такса за истакнување на реклами, објави и огласи на јавни места согласно Законот за комуналните такси се пресметува врз основа на поднесена пријава на обврзникот пред истакнувањето на рекламата, огласот, и се плаќа веднаш.

Согласно член 41 став 4 од Законот за јавни патишта и член 11 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, Општина Охрид е надлежна и издава дозволи за поставување на рекламни паноа на пешачки и зелени површини во профилот на сообраќајниците низ градот, при што е утврдено следното:

- евидентираните приходи по овој основ во 2010 година во износ од 101 илјади денари се однесуваат само за годишна закупнина на просторот за поставување на два мултимедијални екрани на две различни локации;
- во текот на 2010 година нема пресметано и доставено фактури до закупувачите, ниту наплатено приходи по основ на годишна закупнина на просторот за поставување на рекламни објекти, освен за горенаведените мултимедијални екрани, како и по основ на комунална такса за истакнување на реклами, објави и огласи на јавни места согласно Законот, и
- од стручните служби не е извршен увид на лице место и не е составен записник во кој ќе се потврди вкупниот број на поставените висечки рекламни паноа во градот Охрид.

Општина Охрид има склучено договор со:

- „Акцент Медија“ Скопје во 2005 година и анекс на договорот во 2007 година за поставување на најмалку 45 билборди и најмалку 15 сити лајт со обврска за плаќање на надоместок за користење на локациите и потрошената електрична енергија;
- „Лазов Груп“ од Скопје во 1997 година и анекс на договор во 2007 година без да се прецизира бројот на поставените рекламни објекти, со обврска плаќање по доставени фактури;
- Продукција „Перспектива“ од Скопје во 2010 година за поставување и користење на висечки рекламни паноа на издадени микролокации, без да се наведе нивниот број, и
- со „Медиа Инвестмент Гроуп“ од Скопје и „Мај Плејс“ од Охрид за поставување на вкупно два мултимедијални екрани.

Сите рекламни објекти се вклучени на уличното осветлување, поради што Општината треба дополнително да пресмета и надоместок за користење на електрична енергија согласно договорот.

Ефект на ваквите состојби е ненавремена и нецелосна наплата на приходите по овој основ и помалку остварени приходи во корист на буџетот на Општината.

Во текот на 2011 година издадени се фактури кои се однесуваат за 2010 година и за 2011 година, евидентирани се побарувања и делумно наплатени приходи по основ на годишна закупнина на просторот за поставување на рекламни објекти и

комунална такса, при што ревизијата се оградува од нивната точност поради утврдени грешки во направените пресметки од страна на администрацијата.

**Препорака:**

- Градоначалникот да формира комисија која ќе ја утврди фактичката состојба на рекламните објекти на подрачјето на Општината и точно да се утврдат сите надоместоци што треба да ги платат корисниците имајќи во предвид законските обврски и склучените договори, и
- одделението за финансии редовно да изготвува фактури на основа склучените договори, да воспостави сметководствена евиденција на побарувањата, наплата на побарувањата и благовремено преземање мерки за ненаплатените побарувања во утврдените рокови.

4.3.5. Согласно Законот за комуналните такси, утврдувањето и наплатата на комунална такса за користење на просторот за паркирање на патнички моторни возила, товарни моторни возила и нивните приколки и автобуси, што за таа цел ќе ги определи општината ја врши правното лице на кое му е доверено организирањето и одржувањето на паркинг плацот, а истото е должно уплатата на комуналната такса да ја изврши на соодветната уплатна сметка на трезорската сметка за Општина Охрид.

Од страна на Општина Охрид, користењето и одржувањето на јавните паркиралишта и надзорот над паркирањето е доверено на:

- „Сузуки МТ" ДООЕЛ Охрид, одбран со спроведена постапка во 2005 година да стопанисува со паркинг лоциран во централното градско подрачје во Охрид, и
- ЈП „Билјанини Извори" Охрид, кое согласно Одлука на Советот на Општината е назначено да раководи со останатите јавни паркиралишта на територијата на Општина Охрид.

Од извршениот увид во документацијата ревизијата констатира дека овие субјекти остваруваат приходи по основ на паркирање но не пресметуваат и наплатуваат такса од граѓаните за користење на просторот за паркирање, што не е во согласност со тарифен број 8 од член 20 од Законот за комуналните такси.

Ваквите состојби влијаат на помалку остварени приходи во корист на Буџетот на Општина Охрид.

**Препорака:**

Одделението за комунални такси, Одделението за сообраќај и Инспекторатот на Општина Охрид да ги преземат следниве активности:

- да се задолжи ЈП „Билјанини Извори" Охрид и „Сузуки МТ "ДООЕЛ Охрид да пресметуваат, наплатуваат и вршат уплата на таксата за користење на просторот за паркирање во корист на буџетот на Општината, и

- Инспекторатот да врши редовни контроли на наплата на комуналната такса и уплата во корист на соодветната уплатна сметка.

4.3.6. Кај утврдување и наплата на приходите од надоместок за уредување на градежно земјиште, ревизијата утврди дека постојат слабости при примена на Правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредување во зависност од степенот на уреденост и тоа:

- основниот степен на уреденост на градежното земјиште согласно Правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредување во зависност од степенот на уреденост меѓу другото опфаќа и непречен пристап до градежна парцела како: улица со тротоар, приклучок на електрична мрежа, дислокација на нисконапонска мрежа, кабловска мрежа. Од 2005 година постои пракса, овие трошоци да ги плати корисникот на градежното земјиште (инвеститорот), а не општината како носител на уредувањето, при тоа се склучуваат спогодби помеѓу општината и инвеститорот за надоместување на трошоци те кои ги направил инвеститорот. Општина Охрид по овој основ има склучени спогодби во вкупен износ од 24.398 илјади денари од кои во 2010 година се реализирани 5.773 илјади денари. Причина за оваа состојба е тоа што во Програмата за односната година можно е да не е предвидено уредување на градежно земјиште за одредена парцела или поради немање на средства во општината. Во тој случај инвеститорот бира изведувач и сам ги сноси трошоците, упатува барање до општината за поврат на средствата, и на база извршениот увид на лице место се изготвува Записник, се склучува Спогодба за регулирање на меѓусебните права и обврски во врска со надоместокот за уредување на градежното земјиште и се врши поврат на средствата. Ваквиот начина на работа придонесува за постоење ризик од погрешни пресметки;
- Советот на Општина Охрид ги нема ажурирано зоните на градежното земјиште на подрачјето на градот и туристичките населби кои се предвидени за уредување согласно фактичката состојба на степенот на уреденост на градежното земјиште. Со Програмата за уредување на градежното земјиште на град Охрид и туристичките населби за 1996 година утврдени се шест зони за изградба на објектите кои се во примена и во текот на 2010/2011 година.
- надоместокот за уредување на градежно земјиште не се наплаќа за населените места: Велгошти, Лакочереј, Лескоец, Елшани, Трпејца, Љубаништа, Велестово и други пооддалечени населени места. За дел од овие населени места има изградено инфраструктура: водовод, фекална канализација и пристапни патишта а се уште не се влезени во зона за

плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште, така дел од населените места делумно се уредени со инфраструктура во 2009 година (во 2010 година комплетно уредени Велгошти и Лескоец).

Оваа состојба има за ефект неможност за остварување на програмските активности и зголемен обем на трошоците за уредување на градежното земјиште.

**Препорака:**

Секторот за урбанизам и заштита на животната средина:

- да го преиспита зонирањето во општината, а со цел да се обезбедат средства за покривање на реалните трошоци при уредување на градежно земјиште со објекти на комунална инфраструктура по одделни населби и улици во градот Охрид и населените места, и
- во случаи кога не е комплетно уредено градежното земјиште инвеститорите треба да се ослободат во тој дел, а не да се практикува општината да сноси трошоци кои ги платиле инвеститорите.

4.3.7. Приходите од закуп на општински имот реализирани во 2010 година во износ од 745 илјади денари се нецелосни од причина што:

- Општина Охрид нема редовна пракса за утврдување и наплата на закупот преку издавање фактури кон сите корисници за времетраењето на договорите за закуп, иако со поединечните договори предвидено е месечно / годишно плаќање;
- Општина Охрид со „Сузуки МТ "ДООЕЛ Охрид за користење на дел од паркинг просторот во градот, има склучено договор на 20.07.2005 година со важност од пет години, (рокот тече од денот кога комисија со записник ќе констатира дека автоматите за паркирање се поставени од закупецот). Согласно договорот закупецот е должен во рок од три месеци сметано од денот на склучување на договорот паркинг просторот да го опреми со техничка опрема – автомати за паркирање од тип и број согласно понудата и за тоа да ја извести Општината која комисиски со записник треба да го утврди типот, бројот, лоцираноста и исправноста на апаратите. Вакво известување до Општината е доставено во 2007 година, по кое комисија со записник утврдила дека се поставени седум паркинг автомати. До денот на испратеното известување „Сузуки МТ "ДООЕЛ Охрид имал платено на Општина Охрид закупнина за две години, што упатува на заклучок дека закупецот вршел дејност на изнајмениот паркинг простор веќе две години и дека важноста на договорот завршила во 2010 година (паркинг просторот се користи и во 2011 година). За 2010 година годишната закупнина изнесува 720 илјади денари од што со цесија платен е износ од 134 илјади денари. Стручните служби немаат изготвено фактура и преземано мерки (опомени) за навремена наплата на побарувањето, и

- Советот на Општина Охрид нема донесено интерен акт за постапката на продажба или издавање на објекти и имот во сопственост на општината.

Горенаведените состојби влијаат на помалку остварени приходи во корист на Буџетот на Општината.

**Препораки:**

Советот на Општината да:

- донесе акт со кој ќе се регулира постапката на издавање под закуп и на отуѓување на општински имотот, и
- формира комисија за издавање под закуп на имот и простор во сопственост на општината со цел да ја преиспита важноста на склучениот договор со „Сузуки МТ "ДООЕЛ Охрид за дел од паркинг просторот во градот и да даде предлози за понатамошно стопанисување со него.

4.3.8. Согласно Законот за јавна чистота Советот на Општината има донесено Одлука за одржување на јавна чистота и утврдување надоместок за одржувањето на јавната чистота со која е утврдена висината и начинот на наплаќање на надоместок за одржување на јавната чистота. Наплата на надоместок за одржување на јавна чистота врши ЈП „Охридски Комуналец" – Охрид и е должно прибраните средства месечно да ги префрла на сметката на Општината. Во 2010 година во Буџетот нема остварено приходи од надоместокот за одржување на јавна чистота што не е во согласно со членот 24 и 25 од Законот. Истовремено, Општина не располага со податоци за висината на средствата прибрани од страна на ЈП „Охридски Комуналец" – Охрид. Ваквото постапување има за ефект помали приходи во Буџетот на Општината.

**Препорака:**

Градоначалникот да преземе мерки за доследна примена на Одлуката за одржување на јавна чистота .

4.3.9. Согласно донесената Одлука за утврдување надоместок за извршени прекопи на улици и тротоари предвиден е надзор на стручни лица од одделението за комунални дејности и одделението за сообраќај на улици, со цел да се утврди видот и вредноста на градежно земјените работи, да се утврди вредноста на објектот на кој се вршат градежните работи за да се утврди обемот на трајното оштетување на улици и тротоари, а со цел да се утврди висината на надоместокот. За извршениот надзор стручните служби не изготвуваат записник и детална пресметка на видот и вредноста на работите и обемот на трајното оштетување, а во случај на неплаќање опомените се даваат усно. Ефект од оваа состојба е нереално искажување на приходите по овој основ и зголемени расходи при одржување на постојната инфраструктура.

Општината нема донесено посебен акт - процедура за издавање на дозволи и утврдување на надоместокот за извршени прекопи (поставување на инсталации во патниот и заштитниот појас).
Ваквиот начин на работење придонесува за помал износ на приходи по овој основ во буџетот на Општината.

4.3.10. По издадени дозволи за прекумерно користење на патот од страна на правно или физичко лице кое изведува инвестициони работи или дејности не се изготвува записник за извршен надзор и надзор во случај на оштетување или загадување при изнесување на земја на јавните сообраќајни површини, односно тротоари, улици и зелени површини и враќање во првобитна состојба.
Во одреден број на случаи не е евидентирано побарувањето по издадена дозвола за прекумерно користење на пат и пресметаниот надоместок за прекувремено користење на пат не е во согласност со бројот на возила наведени во издадената дозвола за прекумерно користење на пат.
Ефект од оваа состојба е намален износ на приходи и зголемени расходи при одржување на општинските патишта.
Нема посебен акт за издавање на дозволи за прекумерно користење на општинските патишта и нема донесено одлука од советот за висината на надоместокот за прекумерно користење на општински пат (се користи ценовник од ЈП „Македонија пат“), што не е во согласност со член 62 од Законот за јавни патишта.
Ваквиот начин на работење придонесува за помал износ на приходи по овој основ во Буџетот на Општината.

4.3.11. Проценетата вредност на позицијата Побарувања е нереално и необјективно прикажана, односно искажана во помал износ за 33.031 илјади денари по основ на:

- данок на имот во износ 8.762 илјади денари (за 2010 година);
- комунална такса за истакнување на фирма, односно назив на деловна просторија износ 17.930 илјади денари (за 2010 година);
- за користење на простор пред деловни простории во износ од 3,251 илјади денари по записници од Инспекторатот;
- комунална такса за користење на простор пред деловни простории за 2010 година износ од 112 илјади денари;
- годишна закупнина на просторот за поставување на рекламни објекти и комунална такса во износ од 2,376 илјади денари по склучени договори со корисниците;
- потрошена електрична енергија за користење на рекламни паноа, и

- годишна закупнина на паркинг простор и деловен простор сопственост на општината во износ од 600 илјади денари по основ на склучени договори со корисници.

На сметката побарување евидентирани се уплати во износ од 10.199 илјади денари без да се изготват и евидентираат документите кои се основ за настанато побарување.

Неевидентирањето на побарувањата не е во согласност со член 19 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и придонесува за нереални и некомплетни финансиски извештаи.

**Препорака:**

Да се воспостави сметководствена политика за евидентирање на побарувањата.

**Вкупни ефекти од наодите**

Врз основа на изнесените наоди во точките 4.2.2., 4.2.3., 4.2.4. и 4.3. кои се однесуваат неизвршениот попис на побарувањата, плаќањата со пресметка кои не се поминати низ трезорскиот систем, нецелосната евиденција на побарувањата и неправилностите кај утврдувањето и наплатата на приходите ревизијата не изразува уверување во однос на искажаните состојби во финансиските извештаи.

**5. Ревизорско мислење**

**Мислење за финансиските извештаи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 4.2.2., 4.2.3., 4.2.4. и 4.3. ние не бевме во можност да добиеме достатни, соодветни ревизорски докази за да обезбедиме основа за нашето ревизорско мислење. Согласно на тоа, ние не изразуваме мислење за финансиските извештаи на сметката на основен буџет (630) на Општина Охрид на ден 31 декември 2010 година.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 4.2. и 4.3., активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на сметката на основен буџет (630) на Општина Охрид, во сите материјални аспекти, не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Нагласување на прашања на неизвесност

6.1. Сметката на Општина Охрид е блокирана со судски извршни решенија за наплата на стари неизмирени обврски наследени од минати години од 2002 до 2011 година. За овој период обврските на општината изнесуваат 525.643 илјади денари, од кој исплатен е износот од 87.734 илјади денари.
Останува долг од 437.908 илјади денари и тоа: 252.045 илјади денари главен долг, камата на главен долг 174.274 илјади денари и останати трошоци 11.590 илјади денари.
Најголем дел од обврските се од пред 2002 година и тоа кон добавувачите: „ Кратер“ ДООЕЛ Скопје, „Електро“ Охрид, „Илинден“ АД Струга, „ЕВН Македонија“ АД Скопје и „Гранит“ АД Скопје (по пресуда од Врховен суд на РМ од 2010 год а по основ на изведени работи во 1998 год) и други.
И покрај дадените препораки во Конечниот извештај за финансиските извештаи за 2007 година, за надминување на состојбата со финансиската нестабилност на Општината надлежните органи немаат преземено активности за спроведување на препораките за надминување на утврдените состојби.

6.2. Општина Охрид е тужена страна во парнични спорови, стопански спорови и вонпарнични постапки за износ од 390.300 илјади денари од 84 правни лица, 56 физички лица, од Министерство за финансии (за 4 предмети) и 1 предмет од верска заедница, по основ на: нарушување право на сопственост, определување надоместок, надомест на штета, надомест за експропријација, работен спор, право на сопственост, спречување на владеење, предавање во владеење, обезбедување доказ, поништување на спогодба и долг.
Склучени се пет спогодби со физички лица на износ од 2.168 илјади денари, има правосилно решение во постапка за извршување за 18 предмети за надомест за експропријација за износ од 20.351 илјади денари, 22 предмети се завршени на износ од 28.473 илјади денари.
Во тек се предмети во вредност од 339.308 илјади денари по кои конечниот резултат не може да се утврди и тоа:

- за 32 предмети вредноста е неопределена од кои 25 предмети се по основа на надоместок за експропријација;
- за износ од 30.171 илјади денари, Министерство за финансии (како заемопримач) ја тужи Општина Охрид, Општина Струга (проектни општини ) и Меѓуопштинското јавно претпријатие „ Проаква“ (проектно претпријатие) за земен кредит во износ 3.790.000 ЕУР од страна на ЈП „Проаква“, по основ на поддоговорот за кредит од 27.12.2000 година (за Акциона програма за унапредување на општините и животната средина) од Европската банка за обнова и развој. Вкупниот долг заедно со доспеаните рати по аналитичка



*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*
*1.* ____________________________
*2.* ____________________________ ______________________

евиденција од Буџет на Република Македонија, со состојба на ден 26.10.2009 година изнесува 123.275 илјади денари. Општина Охрид и Струга како проектни општини согласно склучениот поддоговор треба целосно да дадат поддршка, да соработуваат и да ги преземат сите потребни активности за да обезбедат навремено плаќање на било кој и на сите износи доспеани според овој поддоговор и точно исполнување на сите други обврски на проектното претпријатие.

Општина Охрид се јавува како тужител за износ од 3.227 илјади денари против: 2 правни лица и 3 физички лица по основ на долг. Завршени се постапки за 2.844 илјади денари, а за 383 илјади денари постапките се во тек и конечниот резултат не може да се утврди.

Во моментов, конечниот исход по ова прашање не може да се утврди, и не е направено резервирање за било каква обврска која може да произлезе во финансиските извештаи

6.3. Советот на Општина Охрид во март 2011 година има донесено Одлука за долгорочно задолжување во висина од 360.000 илјади денари, со намена на средствата за исплата на обврски по основ извршни решенија со кои е блокирана сметката без претходно одржана јавна расправа што не е во согласност со член 20 став 2 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа. По оваа Одлука Министерството за финансии сеуште нема дадено согласност.

Скопје, 05. 10. 2011



*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*

*1.* ____________________________

*2.* ____________________________ ______________________

## ОПШТИНА ОХРИД

## СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (630)

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2010 ГОДИНА

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2010 | 2009 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Даночни приходи | 3.1. | 437.863 | 316.587 |
| Неданочни приходи | 3.2. | 10.826 | 8.078 |
| Капитални приходи | 3.3. | 14.384 | 8.099 |
| Трансфери и донации | 3.4. | 62.556 | 46.360 |
| **Вкупно приходи** | | **525.629** | **379.124** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надомести | 3.5.1. | 65.773 | 60.793 |
| Резерви и недефинирани расходи | 3.5.2. | 120 | 90 |
| Стоки и услуги | 3.5.3. | 108.708 | 94.112 |
| Субвенции и трансфери | 3.5.4. | 51.514 | 50.084 |
| Социјални бенефиции | 3.5.5. | 112 | 119 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **226.227** | **205.198** |
| **Капитални расходи** | **3.6.** | **298.778** | **170.387** |
| **Вкупно расходи** | | **525.005** | **375.585** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | | **624** | **3.539** |



*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*

1. ____________________________
2. ____________________________ ______________________

ОПШТИНА ОХРИД

СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (630)

БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА 31 ДЕКЕМВРИ

во 000 ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2010 | 2009 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 624 | 3.539 |
| Побарувања | 4.1.2. | 68.297 | 13.467 |
| Побарувања за даноци, придонеси и други давачки | 4.1.3. | 1.180 | 1.416 |
| **Вкупно тековни средства** | | **70.101** | **18.422** |
| **Вкупна актива** | | **70.101** | **18.422** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.1. | 70.101 | 18.422 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **70.101** | **18.422** |
| **Вкупна пасива** | | **70.101** | **18.422** |



*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*

1. ______________________________
2. ______________________________ ______________________

ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
ОПШТИНА ОХРИД
Бр. 08-2859/1
07.09. 2011 год.
Охрид

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
СКОПЈЕ

| | | | |
|---|---|---|---|
| Примено: 13.09.2011 | | | |
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 30-161/11 | | | |

**До**
**Државен Завод за Ревизија на РМ**
**ул."Македонија" бр. 12/3**
**Палата Македонија**
**1000 Скопје**

**Предмет: Произнесување и забелешки по нацрт извештај за извршена ревизија на органот и буџетот.**

Во врска со доставениот нацрт извештај на овластенот државен ревизор бр.30-161/9 од 10.08.2011 година, во прилог на дописов Ви доставуваме наши согледувања и забелешки, искажани во вашиот нацрт извештај за извршената ревизија во Општина Охрид за периодот 2010 година.

Се надеваме дека при изготвување на конечниот извештај ќе ги земете во предвид нашите согледувања и забелешки.

**ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Александар Петрески**

***ЗАБЕЛЕШКИ НА НАЦРТ ИЗВЕШТАЈОТ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР ЗА ИЗВРШЕНАТА РЕВИЗИЈА НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2010 ГОДИНА***

**Во врска со нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи на основен буџет (630) на општина Охрид за 2010 година, ги доставуваме, следните согледувања и забелешки:**

1. Во врска со точката 1.2 од наодите и препораките, односно менаџерскиот извештај а во врска со реализацијата на Проектот „Продолжен престој " сакаме да истакнеме дека овој проект започнува по иницијатива на родителите поддржана од Градоначалникот и општина Охрид како и по препораки од МОН и ЗЕЛС. Имено, МОН сугерира Општините од свои средства да ги финансираат овие проекти и затоа во текот на изготвувањето на Програмите за образование кои влегуваат во буџетот на општината се предвидуваат средсва за таа намена. Со тоа се исполнети бараните услови од член 51 од Законот за буџети.

Во првата фаза на децентрализација се бараат согласности од МОН за вработување по основ старо финансирање и ново финансирање ( истите ги дава градоначалникот до три месеци -само по основ на старо финансирање) - што значи со средства од МОН. Тоа не е случај кај вработувањата по проекти и затоа не се даваат таков вид согласности туку се склучуваат трипартитни и двопартитни договори.

2. Во врска со точката 2.1 од наодите и препораките, односно менаџерскиот извештај, констатирано е дека е извршена исплата на надоместок на советници во висина поголема од законски утврдените надоместоци.Ваквата неусогласеност е отстранета со донесување на Одлука од страна на советот на општина Охрид. За вишокот на исплатени средства, превземени се мерки и веќе се врши обештетување од страна на советниците. Од наведеното Ве молиме во препораката во конечниот извештај да констатирате дека се превземени мерки за поврат на повеќе исплатенои средства по основ други надоместоци.

3. Во врска со точката 2.4 од наодите и препораките, односно менаџерскиот извештај, ревизорот констатирал дека за одредени фактури и ситуации не постои комплетна документација,наведувајќи го примерот со регистрација на моторни возила и фактури за угостителски и хотелски услуги.

По основ на горе изанесеното, сметаме за потребно да го изнесеме следното мислење:

- за регистрација на возила и покрај нашите барање за издавање на фактури од страна на установите кои вршат технички преглед на возилата, истите ни доставуваат само список и износ на средства кои треба да се уплатат по разни основи.
- фактурите кои се однесуваат за репрезентација и хотелски услуги уредно се потпишуваат од корисникот со наведен вид на услуга како и број и составот на гостите.

4. Во врска со точката 2.5 од наодите и препораките, односно менаџерскиот извештај, истите целосно се прифаќаат и трошокот по тој основ согласно законот ќе се прикажува во истиот период кога настанал.

5. Во врска со точката 3.1 од наодите и препораките, односно менаџерскиот извештај, сакаме да истакнеме дека постапките број 05/09 за набавка и вградување на градежни материјали и број 06/09 за ангажирање на градежна механизација во планот за јавни набавки за 2009 година се предвидени во ставката асфалтирање на улици и локални патишта во општина Охрид и изградба и реконструкција на локални улици и патишта бидејќи се работи за различен вид на тампон кој е основа за асфалтирање на нови или реконструкција на постојни улици како и потребната механизација за истото.

6. Во врска со точката 3.3 од наодите и препораките, односно менаџерскиот извештај, сакаме да истакнеме дека договорите по огласите за јавни набавки се изготвени од страна на стручна (правна) служба од Општина Охрид. Понудата од избраниот економски оператор е составен дел

од склучениот договор. Согласно Законот за јавни набавки не сме обврзани да ги користиме понудените модели на договори објавени од Бирото за јавни набавки.

7. Во врска со точка 4.1.1 од наодите и препораките, сакаме да истакнеме дека надлежностите и одговорностите на вработените во процесот на утврдување и наплата на приходите за кои е надлежна Општината и во другите служби чие работење е функционално поврзано со утврдувањето, евиденцијата и наплатата на приходите **се содржани во Правилникот за систематизација на работните места**. И покрај тоа што не постои законска обврска, во тек е изготвувањето на пишаните процедури за истото, со што во целост ќе биде испочитувана препораката на овластениот државен ревизор.

8. Во врска со точка 4.1.2.1 од наодите и препораките на овластениот државен ревизор кој утврди слабости на информациониот систем во општината, сакаме да го истакнеме следното:

- ИТ стратегијата за развој на општината е во процедура на разгледување и допрецизирање и за истото се прават напори што поскоро да биде завршено за да имаме конечна верзија на истата,
- по реконструкција на мрежата во општината ке се постави централизиран систем за пристап на корисниците со точно утврдени привилегии и нивоа на пристап и во овој дел се прифаќаат препораките од овластениот ревизор,
- се прави секојдневен бекап на податоците од евиденцијата за наплата на даноци и комунални такси,
- со довршување на доградбата на општинската зграда ке се створат услови сите сектори и одделенија да се во еден објект со што ке се створат услови и за единствена мрежна инфраструктура, со што целосно ќе се ипочитува препораката од оваластениот ревизор по оваа забелешка.
- секој корисник кој пристапува на системот има свое корисничко име и лозинка и одредени привилегии на пристап во зависност од типот на работа која ја обавува (се мисли за пристап кон софтверот за даноци и комунални такси)
- сите компјутери во општината се со оперативен систем кој поддржува централизирано работење

9. Во врска со точка 4.1.2.2 од наодите и препораките а по нацрт извештајот на овластениот државен ревизор за апликациите за финансиско и материјално работење сакаме да истакнеме дека општината веќе му наложи на изготвувачот на софтверот за финансиско и материјално работење Ентер-Охрид да превземе мерки за отстранување на овие недостатоци кои ги утврди ревизорот со што препораката во овој сегмент ќе биде во целост извршена. Во врска со финансиското работење се прави редовно бекап на сите податоци.

10. Во врска со точка 4.2.1 од наодите и препораките дадени во нацрт извештајот од овластениот државен ревизор, констатирано е дека вкупните приходи во општината остварени се во процент од 88,75 % а расходите во 88,64 %. При ваквата констатација ревизорот не зел во предвид дека не се реализирани исклучиво приходите по основ на продажба на државен имот. Сакаме да напоменеме дека доколку се реализираше спроведената продажба од страна на РМ, на локацијата за изградба на хотел во просторот Инекс Горица, приходниот и расходниот дел на буџетот ќе беше реализиран во планираните граници.

Со оглед дека општината нема влијание врз продажбата и со оглед дека средствата општината ги очекуваше да бидат реализирани до 31.12 и со оглед на неможноста за носење на Одлука за измени и дополнување на буџетот - ребаланс после 15 Ноември, остварените приходи и расходи не беа ребалансирани и останаа со процент утврден во нацрт извештајот. Општината при планирањето нема реална можност да го предвиди чинот , времето и цената на продажбата на државно земјиште од кои средства 80 % се приходи на општината. Од тие причини бараме точка 4.2.1 да биде изменa во конечниот извештај на овластениот државен ревизор.

11. Во врска со точка 4.2.2 ревизорот констатирал одредени недостатоци при извршување на пописот на побарувањата од аспект на утврдување на нивната правна основа. Во контекст на изнесеното, сакаме да го изнесеме следното: стручните служби вршат редовно следење на побарувањата на општината и редовно се превземаaат мерки за нивна наплата. Општината располага со ажуриран попис на побарувања по доверители, основ, износ и време на доспеаност.

Покрај постоењето на ажуриран попис на побарувања, општината превзема и активности за нивна наплата, преку утужување на истите со посредство на правен застапник.

Дадената препорака по оваа точка бараме да биде иземена од конечниот извештај од причини што одделението за книговодство и евиденција во целост ги спроведува дадените напатствија во оваа препорака:

- врши попис на побарувањата, ја утврдува нивната правна основа и старосна структура и превзема мерки за нивна наплата.

12. Во врска со точка 4.2.3 од надоите и препораките, став 2 не се согласуваме со констатацијата дека е потребно Советот на Општина Охрид да донесе акт за утврдување на висината на пазарната вредност на земјоделското и градежното земјиште во согласност со Методологијата, со точно утврдени критериуми во однос примена на одредените цени поради фактот што не постои ни законски ниту подзаконски акт кој го предвидува тоа.

-во врска со став 3 од истава точка сакаме да истакнеме дека со оглед на тоа дека етажниот катастар на Општина Охрид не е докомплетиран, во врска со усогласувањето на состојбата на регистарот на недвижности во општина Охрид со состојбите во регистарот кој го води Агенцијата за катастар на недвижности на Република Македонија, Одделението за даноци во иднина ќе ги преземи сите мерки и иницијативи да се изврши усогласувањето на повисоко ниво, препораките во овој дел ги прифаќаме и истите ќе бидат спроведени.

-Репроценката на вредноста на целокупниот недвижен имот во општина Охрид во согласност со Методологијата за утврдување на пазарна вредност на недвижен имот е во тек и е процес кој трае, поготово во општина како што е Охрид, специфична по фреквенцијата на решавање на имотно-правните односи (купопродажби, наследства и сл.)

13. Во однос на точка 4.2.4 од наодите и препораките а во врска приходите по основ на комунална такса за фирма, одделението по самото формирање веднаш достави барање до Централниот регистар како би се вршело редовно усогласување на регистарот на обврзници на комунална такса за фирма. Централниот регистар врз основа на нашето барање,ни достави ЦД со бараните податоци.Врз основа на истите одделението изврши усогласување на нашата постоечка база на податоци со најновите податоци кои ни беа доставени. Ваквото усогласување ќе продолжи и во иднина-континуирано, како би се постигнало реално отсликување на состојбите. Исто така,поднесовме барање и до УЈП на Р.М.со кое побаравме податоци, но до овој момент на истото не ни е одговорено.Во меѓувреме, ги користиме податоците на УЈП достапни на интернет, се со цел реално усогласување на податоците. Бидејќи ова е континуиран процес, со самата достава на решенијата за фирмарина самите правни субјекти по добивањето на решенијата, реагираат доколку постојат одредени измени (во смисла на гаснење на фирми и останати промени кај фирмите како одјавување на деловни единици,промена на адреса и сл.)

14. Во врска со наодите и препораките во точката 4.3.1 сметаме за потребно да го изнесеме следното мислење:

-констатацијата за процентот на реализираност на вкупните приходи и расходи не одговара на фактичката состојба. Доколку стои вашата констатација дека 53 % наплатата е извршена со пресметки а 5,5 % преку платниот промет, тогаш се поставува прашањето на кој начин се реализирани 41,5 % од приходите.

- во однос на примената на плаќањето со пресметка , констатирано е дека општината има блокирана сметка. Сакаме да напоменеме дека не се работи за целосно блокирана сметка и согласно решение на надлежниот суд, сметката на општината има статус на активна сметка.

- плаќањето со пресметки според наодите на овластениот ревизор допринело до нереално искажување на приходите и расходите. Ваквата констатација не одговара на фактичката сосотојба бидејќи со плаќањето со пресметки, се врши книговодствено задолжување на контото 7 (приход) и контото 4 (расход), со што во целост е почитувана законската одредба за правилно искажување на приходите и расходите.

- во прилог на примената на пресметките за плаќање сакаме да потенцираме уште еден факт во однос на почитување на законот за градба. При склучување на договорите за уредување на градежно земјиште, согласно законот,општината се обврзува да изврши уредување на просторот на локацијата за градба. Доколку по пат на пресметки (поради судскиот лимит за располагање

на средства) не се врши плаќање на превземените обврски за уредување по основ на склучените договори со инвститорите, општината би дошла во ситуација за неможност на почитување на одредбите на законот за градба и до значителна материјална штета во случај на утужување од страна на инвеститорите. Во вакви услови општината е принудена со цел да се почитува законот за градба дел од средствата уплатени по основ за уредување на градежно земјиште по пат на пресметки да ги уплаќа кон одредени доверители.Од овие причини бараме врз база на горенаведенот, препораката да биде изменета.

15. Во однос на точка 4.3.2 сакаме да укажеме дека согласно законот за градење, одобрениjата за поставување на урбана опрема се издаваат по претходно поднесено барање од страна на правни и физички лица, а во рок предвиден со истиот закон. Програмата за поставување на урбана опрема за 2010 год. беше донесена во месец април. Доцнењето беше заради воспоставувањето на новиот катастар бидејќи истиот се изработува на катастарски подлоги. По донесување на истата беше објавен јавен повик за конкурирање за локации од програмата. Воедно сакаме да истакнеме дека програмата за 2011 год. е донесена во февруари 2011 год. и по нејзиното носење беше објавен јавен повик.

16. Во однос на точката 4.3.3 од од наодите и препораките, став 1, сакаме да укажеме дека локации со кои се одредува земјиште за организација на кампови се дефинираат со урбанистичка документација и таква во општината постои. Постоечките кампови се согласно урбанистичките документации. Простор за врамено користење за кампирање не е возможно да се одреди бидејќи со постојната законска регулатива тоа не овозможено. Во врска со точката 4.3.3 од наодите и препораките, став 2 сакаме да констатираме дека согласно склучените договори за поставени рекламни паноа, во целост е фактурирано заклучно со 2011 година. За ненаплатените побарувања по овој основ покренати се постапки за судска наплата. Од тие причини Ве молиме и бараме од конечниот извештај да биде иземена констатацијата за точноста на доставените фактури по основ на поставување на рекламни паноа. Во контекст на горното спремни сме дополнително да Ви доставиме комплетна документација за задолжување на должинците по овој основ како и превземените активности за судска наплата на истите.

17. Во однос 4.3.4 од наодите и препораките а во врска комуналната такса за истакнување на реклами,објави и огласи на јавни места, сакаме да истакнеме дека одделението за комунални такси, по добивањето на договорите склучени помеѓу општина Охрид и фирмите кои се надлежни за поставување на рекламни паноа, ги задолжи истите односно донесе решенија за комунална такса за истакнување на реклами, објави и огласи на јавни места согласно член 3 став 1 точка 4 и член 20 Тарифен бр.4 од Законот за комунални такси за следниве фирми: ЛАЗОВ ГРУП (за поставени 24 светлечки рекламни панели-сити лајти и 22 рекламни панели-билборди); МАЈ ПЛЕЈС (билборд со мултимедијален екран); АКЦЕНТ МЕДИА (за поставени 5 светлечки рекламни панели-сити лајти и 45 рекламни панели-билборди); ПРОДУКЦИЈА ПЕРСПЕКТИВА (106 рекламни места-панели)

18. Во однос на точка 4.3.5 од наодите и препораките а во врска комуналната такса за користење на простор за паркирање на патнички возила, сметаме за потребно да истакнеме дека општината има склучен договор со „СУЗУКИ МТ„ ДООЕЛ. По добивањето на истиот во одделението истото достави задолжение за 2009 год. и 2010 год. согласно член 3 став 1 точка 8,член 9 став 2 и член 20 тарифен бр.8 и Одлуката на Советот на Општина Охрид бр.07-3165/28.

19. Во однос на точка 4.3.6 од наодите и препораките став 2, сакаме да истакнеме дека општина Охрид, како што врши уредување на земјиштето на населените места така истите ги вклучува во Програмата за уредување на градежно земјиште. Уредувањето на градежното земјиште со инфраструктура во населените места кои Вие ги споменувате е сеуште во тек и во завршна фаза. После завршување на уредувањето на земјиштето, истите ќе бидат вметнати во зоните за плаќање надоместок за уредување на градежно земјиште.

20. Во однос на точка 4.3.9 од наодите и препораките, за извршениот надзор за издавање дозвола за извршени прекопи сакаме да истакнеме дека за истото од наша страна се изготвуваат записници за состојбата на лице место, Општина Охрид има донесено Одлука за утврдување на надоместокот за

извршените прекопи на улици и тротоари како и висината на надоместокот за трајно оштетување на улици и тротоари на територија на Општина Охрид и истата се почитува во целост.

21. Во однос на точка 4.3.10 од наодите и препораките, од страна на стручните служби се изготвуваат записници за извршен надзор и надзор во случај на оштетување и загадување на јавните површини. Во тек е изготвување на Одлука на Совет за висината на надоместокот за прекумерно користење на општински пат. Во овој дел препораките се прифаќаат и по истите ќе биде постапено веднаш по донесувањето на наведената одлука.

22. Во врска со точка 5 од нацрт извештајот, поради нашите забелешки изнесени по точките 4.2 и 4.3 сметаме за потребно државниот ревизор истите да ги прифати и да ги внесе во конечното ревизорско мислење.

**Во врска со нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи на основен буџет (637) на општина Охрид за 2010 година, ги доставуваме, следните согледувања и забелешки:**

1. Во врска со точката 4.1.1 од наодите и препораките, ревизорот констатирал дека согласно законот за јавна внатрешна контрола, одговорното лице е должно да назначи вработен за финансиска контрола со цел избегнување на одредени ризици, притоа наведени се ризици од непостоењето на вакво лице. Од изнесеното на ревизорот се согласуваме дека согласно законот за јавна внатрешна финансика контрола, треба да се постави лице за јавна внатрешна контрола за што постапката е во тек, но не се согласуваме по однос на постоење на ризици од непостоење на вакво лице.
- овластениот сметководител уредно врши ликвидирање на докуиментите
- ситуациите се следени по договорени цени и изведени работи од страна на надзорот и инвеститорот (одделението за комунален развој).
- не постои плаќање по цесии без постоење на обрска
- касовите извештаи се потпишуваат од одговорното лице
Ве молиме горенаведеното да биде земено во предвид при изготвување на конечниот извештај.

2. Во врска со точката 4.2.1 од наодите и препораките сакаме да напоменеме дека во изминатите неколку години, превземени се мерки од страна на градоначалникот и одделението за финансии за подобрување на извршување на пописот и негово усогласување со законската регулатива. Формирани се комисии за утврдување на основните средства, основните средства во подготовка, инвентарот, уметничките слики. Исто така од стариот состав на советот побарано е враќање на преносливите компјутери. Покрај наведените мерки се согласуваме со препораките дадени во нацрт извештајот со цел усогласување на пописот, согласно правилникот за сметководство на буџетот и буџетските корисници.

3. Во однос на забелешката на точка 4.2.3 од наодите и препораките,сакаме да го истакнеме дека изведувањето на горенаведените активности беа започнати пред измените на Законот за градење и истите во моментот не беа завршени. За работи кои се отпочнати после донесување на новиот Закон за градење се избира надзор согласно новите законските прописи.

4. Во однос на точка 4.2.4 од наодите и препораките, надзорот изготвува завршен извештај по завршување на градбата. Во конкретните случаи повеќето објекти не се завршени и не се ставени во употреба, така што евентуалните забелешки ќе бидат вградени во завршниот извештај, односно после нивното завршување надзорот ќе изготви завршен извештај и ќе направи проверка со оценка за усогласеност на градбата со проектот.

Во однос на работите кои ги изведуваше МЈП “Проаква“ за објекти од помал обем нема проекти туку за истите МЈП “Проаква“ доставува предмер- пресметка и техничко решение.

5. Во врска со точката 4.2.5 од наодите и препораките, исплатениот надомест за годишен одмор е извршен врз основа на Одлуката за извршување на буџетот на општина Охрид за 2010 година, Законот за извршување на буџетот за 2010 година како и по консултација во врска со

законитоста со вашиот завод. Од тие причини сметаме дека не е спротивно со постојната законска регулатива (Закон за извршување на буџетот за 2010 год. на РМ).

6. Во однос на точка 4.2.6 од наодите и препораките сакаме да истакнеме дека при изготвувањето на програмите се почитува членот 8 од Законот за локална самоуправа и информирањето а во склад со статутот на Општината како и членот 22 од Законот за спорт кој зборува за поттикнување на спортските активности на младите и реализирање на нивните програми. Општината иако нема ингеренции во спортот и културата, максимално, во рамките на своите можности ги помага нивните активности. Во објавениот конкурс од страна на Општината наведено е дека се помагаат сите програми и проекти кои се од општествено значење. Распределените средства се објавуваат на нашата веб страна во финансискиот извештај и извештајот за работењето на Секторот за јавни дејности како работен материјал на Советот на општината .

7. Во однос на точка 4.3.1 од наодите и препораките, став 1, за исплатените фактури од ЈП"Охридски Комуналец" за одржување на јавни површини, паркови и зеленило, сакаме да истакнеме дека општина Охрид како основач на јавното претпријатие, секоја година изготвува програма за одржување на овие површини, во која програма се регулирани меѓусебните права и обврски. Бидејќи се работи за активности од јавен интерес а јавното претпријатие е единствен субјект кој ги изведува тие активности, сметаме дека нема потреба од склучување на договор.

Во однос на точка 4.3.1 став 4 покрај тоа што важноста на договорот е до 30.06.2010 год., бидејќи истиот не е раскинат а работите беа во завршна фаза, прифатена е 13- тата времена ситуација.

8. Во врска со точката 4.3.2 од наодите и препораките, сметаме за потребно да го изнесеме следното:

- во цитираниот договор за цесија став 1 од наведената точка, со кој се преотстапува побарување во износ од 30 илјади денари, недвосмислено е дека општината само го променила доверителот. Истото е согласно со Законот за облигациони односи и не претставува нарушување на побарувањата помеѓу цесионерот и отстапувачот. Општината нема обврска ниту навлегува во односите помеѓу отстапувачот и примачот ниту на начинот на кој тие ќе го регулираат зацртаното во договорот.
- во став 2 од точката 4.3.2 констатирано е дека општината плаќа кон доверители и кон доверители кои имаат должничко доверителски односи со доверителот.Истото не е во спротивност со Законот за облигациони односи а исто така и многу судски одлуки, упатуваат на ваквиот акт, односно наплата од должниковиот должник.Значајно е дека со ваквиот начин на исплата всушност се врши исплата кон доверителот на општината и книговодствено се евидентира како плаќање кон истиот на контото 220.
- во став 3 од точката 4.3.2 констатирано е дека со спогодби општината плаќа надомест за уредување на градежно земјиште кон инвеститори, при што е наведено дека плаќањето се врши за изградба на тротоари, електрична мрежа, дислокација на нн мрежа и кабловка мрежа. Согласно законот за градба, општината со склучениот договор се обврзува да ги обезбеди инфраструктурните објекти утврдени во наведениот закон. Во однос на спогодбите сакаме да напоменеме дека истите се однесуваат само за работи извршени по основ на обезбедување на електричен напон и дислокација на нн мрежи. Бидејќи согласно законот за енергетика, единствен изведувач на ваквите работи е ЕВН не постои можност за склучување на договори со други изведувачи како што во констатацијата истакнувате Вие. Од тие поричини наведениот став од овај наод не ја искажува реалната слика.
- Во став 5 од точката 4.3.2 од страна на ревизорот констатирано е дека извршена е експропријација без да се води постапка преку МФ.Токму од тие причини општината ја укинува важноста на спогодбата и истата не предизвикува никакви правни дејствија. Спогодбата е раскината само неколку дена по нејзиното донесување- потпишување.

Од наведените наши забелешки по точка 4.3.2 Ве молиме при изготвување на конечниот извештај истите да бидат земени во предвид и, точката 4.3.2 биде усогласена со нашите забелешки.

9. Во однос на точката 4.3.3 од наодите и препораките, нашето мислење е искажно во точка 4.2.1 и препораките се прифаќаат.

10. Во однос на точката 4.4.1 од наодите и препораките, став 1 сметаме за потребно да истакнеме дека општина Охрид од избраните економски оператори во 2010 година за наведените тендерски постапки не обезбедила банкарска гаранција за квалитетно извршување на договорот иако е тоа наведено во тендерската документација од причина што се работи за фирми на кои Општината им должи значителни износи на парични средства по основ на извршени работи од минати години. Затоа и дел од нив доставуваа Изјава заверена на нотар со која дел од средствата кои ги побаруваа од Општина Охрид ги преостапуваа како гаранција.
Поради тој наследен проблем, во 2011 година воопшто не се бара ваков вид на гаранција од економските оператори.

11. Во однос на точката 4.4.3 од наодите и препораките, став 1,општина Охрид донесе Одлука за поништување на постапката по Отворен повик број 06/2010 со образложение дека понудувачите понудиле цени и услови за извршување на договорот за јавна набавка кои се понеповолни од реалните на пазарот. Тоа е направено врз основа на добиено известување од страна на понудувачот кој понудил невообичаено ниска цена во кое ја повлекува поднесената понуда поради нереално понудени ниски цени. Во врска став 2, општина Охрид донесе Одлука за поништување на постапката по Отворен повик број 21/2010 со образложение дека се поднесени прифатливи понуди кои не можат да се споредат поради различниот пристап во техничките или финансиските понуди. Иако некои од економските оператори доставиле комплет понуди, Општина Охрид не можеше да изврши правилен избор од причина што некои понудувачи имаа понудено одобрен рабат во денари за литар нафта за греење, други имаа понудено одобрен рабат во денари за вкупно понудените литри, трети имаа понудено одобрен рабат во процент за литар нафта за греење. Заради тоа, да не се изврши погрешен избор, Општина Охрид донесе Одлука за поништување на постапката

12. Во однос на точката 4.4.4 од наодите и препораките, став 1, општина Охрид во 2011 година (февруари) спроведе соодветни постапки согласно Законот за јавни набавки за наведените стоки и услуги односно за

- за поправки, сервисирање одржување и миење на службените возила;
- за канцелариски материјали;
- за прехрамбени продукти и пијалоци.

Препораките во целост се прифаќаат и по истите веќе е постапено.

*Напомена:* Во врска со точка 4.3.1 од наодите и препораките на овластениот државен ревизор за сметката основен буџет (630), дополнително ќе доставиме поопширно наши согледувања и мислења.

***Прилог:*** -решенија за комунална такса
-задолжение за комунална такса
- план за јавни набавки за 2009 год.
- одлука за утврдување надомест за извршени прекопи

***ОПШТИНА ОХРИД***
***Градоначалник,***
***Александар Петрески***

Република Македонија
Општина Охрид
Единица на локална самоуправа
бр. 08-2969/1
19.09.2011 год.
Охрид

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
СКОПЈЕ

| Примено: 22.09.2011 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 30- | 161/ | 12 | |


*Република Македонија*
*ЕЛС Општина Охрид*
*14.09.2011*

**До**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**
**ул. Македонија бр. 12/3**
**1000 Скопје**

***Предмет:*** дополнување на забелешките дадени по извештајот за извршената ревизија од ДЗР за сметката на општина Охрид, основен буџет (630).

Во врска со дадената напомена за дополнување со наше согледување и мислење на нацрт извештајот на овластениот државен ревизор а во врска со точка 4.3.1 ги даваме следните согледувања:

- Проблемот со статусот на сметката датира од пред десетина години и истата е оптеретена со извршни решенија за експропријација на земјиште, извршени пред повеќе од 30 години, извршни решенија за изградба на колекторскиот системи извршни решенија за изградба на спортската сала. По основ на наведените решенија сакаме да наведеме дека сите се извршени за потребите на државата, меѓутоа согласно судската практика и регулатива, задолженијата паѓаат на терет на општината. Во контекст на нашата констатација во претходниот извештај на ДЗР за 2007 година беше констатирано дека обврските кој што сега ги плаќа општината по основ на колекторот, спортската сала и експропријацијата се обврски за имот со кој не располага општината туку државата. Аналогно на тоа сметаме дека овие обврски на извесен начин треба да бидат сервисирани од државата или пака за износот кој го платила општината да биде рефундиран од државата.

И покрај дадените забелешки од страна на ДЗР сепак обврските останаа единствено проблем само на општината. За илустрација сакаме да напоменеме дека за изградба на спортската сала која е имот на државата бевме блокирани од ТД Кратер сервисирањето на долгот се вршеше со заплена на средства од жиро сметката не водејќи сметка за потеклото на тие средства (приходи од комуналии), со што општината беше оневозможена да ги сервисира обврските кон инвеститорите со кои општината имаше склучено договори за уредување на градежно земјиште. Исто така во овој период дополнително бевме задолжени од АД Гранит итоа со пресуда на Врховен суд иако претходно ги имавме позитивните решенија од сите надлежни судови.

Во ваква ситуација општината изготви акционен план со кој дел од долговите планираше да ги сервисира преку кредитно задолжување со што би се постигналекономски ефект на помали каматни трошоци од една страна а од друга

страна би се исплатиле доверителите од листата со кои е оптоварена сметката на општината.

Во вакви услови примената на пресметковносто плаќање е неминовно, бидејќи општината би се довела во ситуација да не може да ги испони обврските утврдени со Законот за градба, со што би се довела во дополнителна отежната ситуација за неможност за сервисирање на утврдените обврски во споменатиот закон и дополнителни судски решенија кои би ја оптовариле сметката со нови трошоци и камати.

***ОПШТИНА ОХРИД***
***Градоначалник,***
Александар Петрески

**ПРИЛОГ 2**

ОДГОВОР
на забелешки по констатациите од Нацрт извештајот за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2010 година
кај Општина Охрид

На Нацрт извештајот за извршена ревизија на финансиските извештаи на Општина Охрид за 2010 година на сметката на основен буџет (630) добиени се забелешки од градоначалникот на општината, под број 08-2859/1 од 07.09.2011 година заведени во Државниот завод за ревизија под број 30-161/11 од 13.09. 2011 година и дополнување на забелешките број 08-2969/1 од 19.09.2011 година заведени во Државниот завод за ревизија под број 30-161/12 од 22.09.2011 година.

**Забелешките не се доставени во законски утврдениот рок.**

Забелешките изнесени во точките од 1 до 6 не се однесуваат на констатациите изнесени во Нацрт извештајот и истите не се предмет на разгледување.
Забелешките кои се однесуваат на констатациите изнесени во точките: 4.1.1., 4.1.2.1., 4.1.2.2., 4.2.1., 4.2.2., 4.2.3., 4.2.4., 4.3.1., 4.3.2., 4.3.3., 4.3.4., 4.3.5., 4.3.6., 4.3.9. и 4.3.10. од Нацрт извештајот за извршена ревизија на финансиските извештаи на Општина Охрид се разгледани и е утврдено следното:

1. Забелешката на констатацијата од **точка 4.1.1.** која се однесува на невоспоставените интерни контроли во процесот на утврдување и наплата на приходите **не се прифаќа,** од причина што постои законска обврска за воспоставување на интерни контроли согласно Законот за јавна внатрешна финансиска контрола останатиот дел од укажувањето нема карактер на забелешка туку известување дека е во тек имплементација на дадените препораки од ревизијата.

2. Забелешките на **точка 4.1.2.1.** која се однесува на констатираните состојби на слабости во информациониот систем на Општината, **не се прифаќаат.** Забелешките на **алинеја 1, 2 и 4** не претставуваат забелешки туку известување што преземал субјектот и што планира да преземе за надминување на утврдените состојби со ревизијата.
   Забелешката на **алинеја 3** се однесува дека субјектот прави секојдневен бекап, а утврдената слабост од ревизијата се однесува на немањето на надворешна копија на податоците и забелешката **не се прифаќа**.
   На **алинеја 5** забелешката **не се прифаќа** од причина што слабоста од ниско ниво на пристап до системот (нема корисничко име и лозинка) и кориснички

*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*
*1.* ____________________________
*2.* ____________________________ ______________________

привилегии поголеми од потребните не се однесува на софтверот за даноци и такси.
Забелешката на **алинеја 6, не се прифаќа,** бидејќи оперативниот систем на набавените компјутери не подржува работа во домен.

3. Забелешката на **точка 4.1.2.2.** која се однесува на извршената анализа на апликациите за финансиско работење и утврдените слабости, **се прифаќа делумно,** односно во делот на **алинеја 4** која се однесува на изготвување на редовна копија на сите податоци од кои произлегуваат деловните книги на Општината. Оваа алинеја се брише и нема да стои во Конечниот извештај. Во другиот дел забелешките се всушност известување дека субјектот презема мерки за постапување по препораките во функција на надминување на состојбите.

4. Забелешката на **точка 4.2.1.** која се однесува на значителното отстапување помеѓу планираните и реализираните приходи /расходи на буџетот на општината кои не се усогласени и со извршениот ребаланс, **не се прифаќа,** бидејќи со даденото објаснување субјектот не го оспорува фактот дека има значително отстапување помеѓу планираните и реализираните приходи /расходи на буџетот на општината. Укажувањето дека отстапувањето се должи само на неостварените капитални приходи е неосновано бидејќи значителни отстапувања има и кај другите видови на приходи (даночни и неданочни).

5. Забелешката на **точка 4.2.2.** која се однесува во делот на утврдените слабости кај извршениот попис на побарувањата, **не се прифаќа**. На ревизијата не и беше даден на увид попис на побарувањата со извршена проверка и потврдување на реалноста на искажаните состојби искажани во сметководството и утврдена старосна структура, за време на ревизијата. Во фазата на забелешки исто така не се доставени докази кои би влијаеле на промена на ревизорското мислење во однос на изнесените констатации во Нацрт извештајот.

6. Забелешките на **точка 4.2.3.** која се однесува на утврдените слабости при утврдување и наплата на даноците на имот, **не се прифаќаат**. Забелешките на **алинеја 1** немаат карактер на забелешки туку елаборирање на причините зошто ажурирањето на пазарната вредност на недвижниот имот не е целосно завршено во Општина Охрид.
Изнесените констатации од страна на субјектот **по алинеја 2,** дека нема основ советот да донесе акт за утврдување на пазарната вредност на земјоделското и градежното земјиште **не се прифаќаат**. Согласно Законот за локална самоуправа советот ја утврдува висината на сопствените извори

на приходи. Општината има ценовник кој го користи при утврдување на пазарната вредност на земјоделското и градежното земјиште кој е презентиран на ревизијата но истиот не е верифициран од советот. Во функција на прецизирање на текстот на наодот е извршено надополнување на истиот.

Забелешките на **алинеја 3** всушност се укажување за причините на утврдената состојба и дека во иднина општината ќе направи напори за спроведување на обврските кои произлегуваат од член 39 точка 2 од Законот за даноците на имот.

7. Забелешките на **точка 4.2.4**. која се однесува на неизвршеното усогласување на регистарот на обврзници по основ на комунална такса за фирма **не се прифаќаат**. Укажувањето на субјектот дека по формирање на одделение за комунални такси веднаш одделението се обратило до Централниот регистар за добивање на податоци за вршење на усогласување на регистарот на обврзници ја потврдува констатацијата на ревизорот дека базата на податоци од Централниот регистар е добиена на почетокот на 2011 година, што значи дека истите можат да се користат за задолжувањето со комунална такса за фирма во 2011 година. Констатациите на ревизијата се дека до тој период нема усогласување на податоците и дека постои ризик од некомплетни и нецелосни податоци кое има влијание и на приходите во 2010 година која е предмет на ревизија.

8. Забелешките на **точка 4.3.1.** која се однесува на плаќања со пресметка кои не се поминати низ платниот промет и дека е нарушено сметководственото начело на парично искажување, **не се прифаќаат**. Забелешката дека по пат на пресметка се остварени дел од приходите кои не се реализирани преку платниот промет на трезорскиот систем во износ од 275.126 илјади денари или 53% од вкупните приходи се наплатени со пресметка и приходи во износ од 30.040 илјади денари наплатени со пресметки кои се поминати низ платниот систем не се прифаќа јасно е дека останатиот дел од приходите се наплатени низ платниот систем. Субјектот со писмо број 08-2969/1 од 19.09.2011 година даде дополнување на забелешките по оваа точка. Дополнувањето е во правец на една историска ретроспектива за причините зошто субјектот ја користи оваа форма на плаќања спротивно на законот, кои состојби на ревизијата и се доволно познати и истата ги има истакнато во своите досегашни извештаи како и за надминување на состојбите има дадено препораки како до Општината така и до надлежните органи по кои препораки не е постапено. При своите објаснувања дека при плаќањата со пресметки кои не се поминати низ платниот систем субјектот евидентира и приходи и расходи што значи дека нема влијание на билансите истиот ги испуштил од вид основните принципи на сметководственото начело на

парично искажување и признавањето на приходите и расходите по овој принцип.

9. Забелешката на **точка 4.3.2.** која се однесува дека одобренијата за користење на простор пред деловните простории за вршење на дејност се издадени покасно од почетокот на користењето (во месец јуни/јули), што наведува на констатацијата дека од страна на корисниците вршено е користење на простор пред деловните простории без одобрение што не е во согласност со член 7 и член 20 од Законот за комуналните такси, **не се прифаќа,** бидејќи не се доставени нови докази кои би влијаеле на промена на констатациите на ревизорот изнесени во Нацрт извештајот. Своето постапување субјектот го објаснува со задоцнето донесување на Програмата за поставување на урбана опрема која за 2010 година е донесена на крајот од месец април 2010 година поради воспоставување на нов катастар, а за 2011 година Програмата е донесена во месец февруари.

10. Забелешката на **точка 4.3.3.** која се однесува на неостварување на приходи по основ на комунална такса за користење на површини во кампови за подигање на шатори и друга слична употреба, **не се прифаќа.** бидејќи не се доставени нови докази кои би влијаеле на промена на констатациите на ревизорот изнесени во Нацрт извештајот. Своето постапување субјектот го објаснува во правец дека Општината организацијата на постојните кампови ја дефинирала со урбанистичка документација.
Субјектот во оваа точка дава објаснување и за комуналната такса за рекламни паноа кое се однесува на точка 4.3.4. од извештајот.

11. Забелешките на **точка 4.3.4.** која се однесува за ненавремена и нецелосна наплата на приходите по основ на закупнина за поставување на рекламни објекти, комунална такса и надоместок за користење на електрична енергија согласно склучените договори, **не се прифаќаат**. Субјектот укажува дека по добивање на договорите во одделението за комунални такси биле изготвени и донесени решенија за задолжување. Законските обврски во врска со утврдувањето и наплатата на комуналните такси не започнуваат од денот на формирањето на одделение за комунални такси, администрирањето со даноците е обврска која произлегува од законската регулатива а не од формата на организирање на општинската администрација. Во прилог на забелешките субјектот ги има доставено решенијата за задолжување само со комунална такса за истакнување на реклами, објави и огласи на јавни места кои се донесени во месец јуни и јули 2011 година, односно за време на ревизијата како и по завршување на истата а се однесуваат за дел од 2010, 2011 и дел од 2012 година. Со ваквото

постапување субјектот ги потврдува утврдените констатации од ревизијата изнесени во Нацрт извештајот.

12. Забелешката на **точка 4.3.5** која се однесува за неостварување на приходи по основ на комунална такса за користење на простор за паркирање **не се прифаќа**, од причина што истата не преставува забелешка туку известување за делумно постапување по препораката. Субјектот известува дека доставил решение за задолжување со комунална такса за користење на простор за паркирање на еден од субјектите кои стопанисуваат со паркинг простори за 2009 и 2010 година. Од доставеното решение во прилог на забелешките може да се види дека наведеното решение во архивата на субјектот е заведено на 10.08.2011 година во фазата на нацрт извештај. Со ваквото постапување на субјектот се потврдуваат констатациите изнесени во Нацрт извештајот.

13. Забелешката на **точка 4.3.6. став 2** која се однесува на утврдување и наплата на надоместокот за уредување на градежно земјиште **не се прифаќа**. Програмата за уредување на градежно земјиште на град Охрид и туристичките населби е донесена во 1996 година и истата е во примена и во текот на 2010 /2011 година, во кој период не се одредени зоните согласно степенот на уреденост на градежното земјиште.

14. Забелешката на **точка 4.3.9.** која се однесува на недонесена процедура за издавање дозволи и утврдување на надоместокот за извршени прекопи со кое се влијае на висината на приходите по овој основ **не се прифаќа**, од причина што во забелешката субјектот се повикува дека Општината има донесено Одлука за утврдување надоместок за извршени прокопи на улици и тротоари кој факт е неспорен. Ревизијата своите констатации ги започнува со фактот дека има донесена Одлука за утврдување надоместок за извршени прокопи на улици и тротоари, но слабостите се од аспект на примена на Одлуката и недонесена процедура за издавање на дозволи и утврдување на надоместокот.

15. Забелешката на **точката 4.3.10.** која се однесува на издавање на дозволи за прекумерно користење на пат, **не се прифаќа,** од причина што нема карактер на забелешка туку претставува известување дека субјектот ќе постапи по препораките за надминување на утврдените состојби.

16. Упатената забелешка на **точка 5** која се однесува на изразеното ревизорско мислење **не се прифаќа**. Во постапката на изразеното мислење е обезбедена целосна имплементација на интерните акти на Државниот завод за ревизија а ревизорското мислење ревизорот го гради на основа на разумното ревизорско уверување од извршената ревизија.

**Преглед 3**

**Резултати**

од извршената ревизија на спроведување на препораките презентирани во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршената ревизија на финансиските извештаи за 2007 година на Општина Охрид на сметката на основен **Буџет** (630)

| Бр./врска на наодот/ препораката во конеч. изв. на ОДР | **Наод** | **Ревизорска област Препорака** | **Статус на препораката** | **Коментар на ревизорот/субјектот** |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| **10.1.** | **10.1. Системот на интерни контроли во процесот на прибирање на изворните приходи на општина Охрид** | | | |
| 10.1.1. | **Локални даноци и такси**<br><br>При испитувањето на ефикасноста на системот на интерни контроли, ревизијата се осврна на следните контролни аспекти:<br>➢ Неусогласеност на податоците во регистарот на недвижен имот на општината со податоците на Агенцијата за геодетски работи | - Да се воспостави интегрирање на податоците од даночната и сметководствената евиденција,<br>-Да се зголеми бројот на вработените во инспекциската | делумно спроведена | Субјектот:<br>Неусогласеноста на податоците ќе постои се додека не се воспостави етажен катастар на територија на општина Охрид<br><br>Софтерско решение е набавено не сеуште не е во функција (МВР не дозволува поради заштита на |



*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*
*1. ______________________________*
*2. ______________________________* ______________________

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | ➢ Податоците од Централниот регистар што се користат за наплата на таксата за фирмарина не се веродостојна основа. Во општина Охрид има 4.000 регистрирани фирми од кои 2.000 не функционираат и не плаќаат комунална такса за фирмарина;<br>➢ Нема разграничување на нивоата на пристап во базата на податоци и безбедносна заштита од менување односно бришење на податоците;<br>➢ Ненаплатените побарувања по основ на даноци и комунални такси не се искажуваат во Билансот на состојба на општината, поради неповрзаност на даночната со сметководствената евиденција;<br>➢ Присилната наплата не функционира;<br>➢ Подготвениот софтвер за пријавување на домашни и странски гости, евиденција на бројот на гостите, остварени ноќевања од домашни и странски гости, задолженија и наплата на туристичката такса сеуште не функционира;<br>➢ Не е овозможен доволен инспекциски | служба,<br>-Да се имплементира софтверското решение за пријавување, евиденција и остварени ноќевања на домашни и странски гости,<br>-Да се обезбеди разграничување на нивоата на пристап и заштита од менување односно бришење на податоците во даночната евиденција | | лични податоци)<br>Присилна напалат кај даноците на имот функционира од 2010 година |



*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*
*1.* ______________________________
*2.* ______________________________ ______________________

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | надзор со два инспектори за туризам, а сместувачките капацитети (хотели, кампови и приватни апартмани) пријавуваат помалку гости и не ја плаќаат туристичката такса во целост. | | | |
| 10.1.2 | **Локални надоместоци**<br><br>Во услови на утврденото контролно опкружување од една страна постои висок ризик од нецелосно и ненавремено прибирање на приходите од локални надоместоци, а од друга страна е неизбежно користење на овој вид сопствени извори на приходи за покривање на трошоци кои настанале без влијание на општината, односно се резултат на некоординација на ЕВН со општината. | -Да се подобри меѓуинституционалната соработка помеѓу Агенцијата за геодетски работи и општината, од аспект на:<br>• усогласување на катастарските броеви на парцелите,<br>• ажурирање на подлогите за изработка на урбанистичките планови<br>-Министерството за транспорт и врски да | не спроведена | Субјектот:<br>-Нема пристап до Агенцијата за геодетски работи<br>- Плановите се работата на ажурирани геодетски подлоги<br>- Во меѓувреме дојде до ново излагање на катастарски парцели и во дел од плановите не се ажурирани новите катастарски парцели |



*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*
*1.* ______________________________
*2.* ______________________________ ______________________

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | предвиди унифицирани обрасциза поедноставно изготвување на решенијата на инспекторската служба,<br>-Да се подобри меѓуинституционалната соработка помеѓу Агенцијата за државни патишта и општината, со цел да се овозможи навремено приклучување кон водоводните системи,<br>-Да се подобри меѓуинституционалната соработка помеѓу ЕВН и општината, во делот на изградбата на | | |



*Ревизорски тим:*
*1.* ____________________________
*2.* ____________________________

*Овластен државен ревизор*
________________________

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | електроенергетската мрежа и приклучување кон истата врз основа на легално изведените градби за кои е платен надоместокот за комунални дејности | | |
| **10.2.** | **Примена на законски акти** | | | |
| 10.2.2. | Во 2007 година не е донесен ребаланс на буџетот на општина Охрид иако планираните приходи се остварени за 88%, а расходите за 84%, спротивно на Законот за буџетите, според кој доколку отстапувањето од планот на приходите и другите приливи е повисоко од 5%, градоначалникот доставува измени и дополнувања на буџетот на општината до советот на општината. Поради недонесениот ребаланс на буџетот, постои неусогласеност на остварените и планираните приходи и расходи за 2007 година | Да се почитуваат одредбите од Законот за буџетите, пред се во делот на донесување на ребаланс на буџетот, во услови кога приходите и расходите отстапуваат од планираните износи повеќе од 5% | не спроведена | Субјектот:<br>-Согласно Законот за буџети и предвиденото отстапување се постапува по истото |
| **10.3.** | **Неправилности во искажување на билансните** | | | |



*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*
*1.* ______________________________
*2.* ______________________________ ______________________

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **позиции** | | | |
| 10.3.1. | Со увид во сметководствената евиденција на билансната позиција – Побарувања, ревизијата утврди побарувачко салдо во износ од 7.287 илјади денари, кое настанало заради предвремено плаќање на локалните надоместоци, односно наплата без претходно изготвен документ како основ за сметководствено евидентирање на побарувањето. Наведеното доведува до погрешно искажување на побарувањата и обврските за примените аванси по овој основ. | Одговорниот сметководител да го води сметководството согласно законската регулатива и сметководствените политики и начела, заради точно вистинито и ажурно искажување на билансните позиции. | не спроведена | Субјектот:<br>-Нема инструмент ниту можност за спречување на инвеститорите за уплата на аванс без претходно склучени документи |



*Ревизорски тим:*
*1.* ______________________________
*2.* ______________________________

*Овластен државен ревизор*
_______________________